Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 15.08.2021

На 15.08.2021 во 03.00 во Градскиот парк во Скопје од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода Ф.Р.(18) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена прашката материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.08.2021 во 21.30 часот во близина на фабрика на ул.„7 Ноември" во Гевгелија полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Богородица го лишиле од слобода К.С.(63) од Велес, кој управувал патничко возило „форд галакси", со велешки регистарски ознаки. При извршена контрола во возилото биле пронајдени седум мигранти од Куба. Лицата се приведени во полициска станица. Во координација со Јавен обвинител од ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција притив К.С. ќе биде поднесена кривична пријава, а лицата-мигранти ќе бидат сместени во Транзитниот центар Винојуг - Гевгелија за понатамошна постапка.

На 15.08.2021 во 04.00 часот во Градскиот парк во Скопје полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода И.С.(18) од Скопје, бидејќи при контрола кај него била пронајдена прашката материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.08.2021 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територијата на град Скопје изречени се вкупно 106 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 47 санкции, 10 прекршоци што ги чинат возачите на мотоцикли, осум за непрописно престигнување и обиколување, пет за возач почетник, 20 за непрописно паркирање.

На 15.08.2021 во 04.30 часот на автопатот Велес – Скопје, поточно кај клучка Хиподром, патничко возило „хонда", со скопски регистарски ознаки, управувано од М.И. (65) од Скопје, се превртело на коловозот. Во незгодата М.И. се здобил со тешки телесни повреди, а малолетна сопатничка и Н.И.(52) се здобиле со телесни повреди, констатирани во Компекс клиники „Мајка Тереза". Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 14.08.2021 Министерството за внатрешни работи спроведе зајакната акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 319 возачи. Од нив, 52 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 109 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 210 надвор од населено место.

На 14.08.2021 во 22.05 часот во Струга на регионалниот пат кај с.Луково, патничко возило „фолксваген пасат", со дебарски регистарски ознаки, управувано од Ш.Ц.(26) од Дебар удрило во малолетен пешак од с.Луково, струшко. По незгодата пешакот е пренесен во Медицински центар - Струга, каде му се констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Охрид.

Во текот на изминатото деноноќие (14.08./15.08.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 36 прекршоци.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.Л.(37) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 14.02.2020 полициски службеници со судска наредба извршиле претрес во дом и помошни простории кај пријавениот во Тетово, при што пронашле и одзеле воздушна пушка, куршуми, запалка за рачна бомба, марихуана и дигитална вага со остатоци од тетрахидроканабинол, кофеин и лидокаин.

На 14.08.2021 во 21.30 часот во Делчево од полициски службеници од Полициска станица Делчево е лишен од слобода Е.И.(31) од Делчево, постапувајќи по пријава од 21.10 часот на 43-годишна жителка на Делчево според која, додека се движеле со нејзината пријателка од Тетово по пешачки мост на р.Брегалница во Делчево, биле пресретнати од пријавениот, кој се однесувал недолично и им упатил навреди. По документирање на случајот против пријавениот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.08.2021 во 17.30 часот во Радовиш од полициски службеници од Полициска станица Радовиш е лишен од слобода Д.Ј.(18) од Радовиш, постапувајќи по претходна пријава на 40-годишна скопјанка, според која околу 04.40 часот во Радовиш, додека извршувала работни задачи, пријавениот физички ја нападнал и ѝ упатил недолични зборови. По документирање на случајот против пријавениот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.08.2021 во 14.00 часот во Виница на ул.„Маршал Тито" полициски службеници од Полициска станица Виница го лишиле од слобода М.И.(35) од Виница, бидејќи агресивно се однесувал и физички нападнал полициски службеник кој вршел службени дејства. По документирање на случајот против пријавениот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.08.2021 во 18.15 часот во Полициското одделение Арачиново, С.Р.(35) од с.Арачиново, скопско пријавил дека во неговиот двор во с.Арачиново, по претходна расправија, тој и неговата сопруга Р.Р. биле физички нападнати со тврд предмет од Џ.Б, Е.Р и Б.Р. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.08.2021 во Полициска станица Прилеп, Д.И. пријавила дека околу 02.00 часот во подрумски простории од зграда на ул.„Кеј 4 Јули" во Прилеп настанал пожар, при што биле опожарени три дрвени врати сопственост на Д.И. и И.Ј., двајцата од Прилеп. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Прилеп. Полициски службеници излегле на лице место.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против против А.Р.(43) од Тетово и А.К.(29) од Република Словенија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 02.08.2021, полициски службеници од СВР Тетово извршиле преглед во возило „ланчиа", во кое се превезувале пријавените, при што пронашле и одзеле хашиш и 100,49 грама кокаин. Од страна судија на претходна постапка на пријавените им е одредена мерка притвор.

На 15.08.2021 во 04.00 часот во СВР Битола, Ј.Б.(29) од Р.Србија, со престојувалиште во с.Секирци, пријавила дека околу 03.50 часот во близина на бензиска пумпа во с.Дебреште била физички нападната од В.С. од с.Дебреште. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.08.2021 во 19.20 часот во СВР Штип било пријавено дека околу 18.30 часот, при изведување на градежни работи на објект во изградба во с.Чифлик, К.К.(42) од с.Чифлик, сопственик на објектот и И.Н.(27) од с.Облешево се здобиле со повреди. Во Општата болница –Кочани, каде биле пренесени за укажување на лекарска помош, кај И.Н. биле констатирани тешки телесни повреди, а кај К.К. телесни повреди. Увид извршила екипа од Полициска станица Кочани. За настанот се известени Јавен обвинител и Трудов инспектор.

На 14.08.2021 во 14.23 часот во СВР Штип, Е.Х.(49) од Штип пријавила дека околу 14.00 часот во трговски центар во Штип била физички нападната од Е.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.05.2021 во 23.50 часот во СВР Струмица, А.М.(20) од Струмица пријавил дека околу 23.15 часот пред угостителски објект во Радовиш бил физички нападнат со тврд предмет од М.А. од Радовиш. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.08.2021 во 09.40 часот во СВР Скопје, И.С.(35) пријавила дека од СОС Детско село се оддалечил нивниот штитеник М.О.(17) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против А.Р.(38) од Република Албанија, Ш.И. (28) од с.Арачиново, скопско и Б.Т.(32) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги психотропни супстанции и прекурсори". На 06.08.2021 при претрес во домот во Гостивар, каде престојува А.Р., како и при преглед во две патнички возила „сеат леон", со албански регистарски ознаки, управувано од А.Р. и „ауди А5 ", управувано од Б.Т., каде совозач бил Ш.И., била пронајдена и одземена марихуана. Од судија на претходна постапка на пријавените им била одредена мерка притвор.

На 15.08.2021 во 05.00 часот во СВР Скопје, А.Ѓ.(38) од Скопје пријавил дека додека биле заедно со С.Д.(22) и М.З.(20) во патничко возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, на подрачјето на Чаир, кон нив биле испукани проектили од огнено оружје од патничко возило типи „мерцедес". Притоа, со повреди се здобил А.Ѓ., кому во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" му била укажана лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.С.(30) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавениот, на 10.04.2021 бил затекнат од полициски службеници за време на забрана за движење.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Republika Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Republika Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет